**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четвртото продолжение на Сто и единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 јули 2002 година**

Седницата се одржа во сала I на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,00 часот.

На седницата претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по 111-та седница.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за ревизија.

Претресот по амандманот на член 1 за менување на новиот член 38-а, поднесен од пратеникот Делче Ицков, претресот е заклучен. Значи, тоа е 14-та точка од 111-та седница.

Претресот по амандманот на член 1 за менување на новиот член 38-а, поднесен од пратеникот Делче Ицков, претресот е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Го повлекува.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници, за гласале 73 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за ревизија.

Осма точка - претресот по текстот на предлогот на законот за платниот промет е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници, за гласале 75 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за платниот промет.

Шеста точка - Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Кредитната банка за обнова "KFW" по Договорот за кредит за Проектот за наводнување на јужниот регион на Вардар, со Предлог на закон.

Претресот по предлогот за донесување на законот е залучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон задолжување на Република Македонија со кредит кај Кредитната банка за обнова "KFW" по Договорот за кредит за Проектот за наводнување на јужниот регион на Вардар.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници, за гласале 70 пратеници, воздржано гласале 8 пратеници, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници, за гласале 71 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници, против гласале 4 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 84 пратеници, за гласале 75 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Кредитната банка за обнова "KFW" по Договорот за кредит за Проектот за наводнување на јужниот регион на Вардар.

Деветта точка - Предлог за донесување на закон за правата,

обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат, со Предлог на закон.

Овде немаме амандмани.

Претресот по предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 81 пратеници, за гласале 73 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници, за гласале 73 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претрес9 и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеници, за гласале 74 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Во првата фаза по законот, кога се расправаше, тоа беше пред повеќе денови, јас укажав во дебатата на одредени членови од законот кој мислам дека тешко ќе кореспондираат со уставната позиција на некои органи во Република Македонија и тешко ќе може да го поминат тестот на спроведување на законот така како што е тој опишан во членовите 2, 4, 13 и 14. Ја повикав Владата во општата расправа за тие одредби достави измени на законот во вид на сопствени амандмани. Тоа не се случи. Би сакал сепак да укажам на фактот или на моето мислење дека овој закон во оваа фаза би требало да го запреме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи тоа значи, ако Владата нема амандмани вие ќе дадете, ние не можеме да продолжиме со расправа по овој закон. Одиме само таму каде се досега усогласени. Нема расправа по тој закон, нека си подготват или амандмани, потоа како нацрт нека го разгледаат.

Десетта точка - Предлог за донесување на закон за сметководството за буџетите и буџетските корисници, со Предлог на закон.

Претресот по предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници, за гласале 75 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, против не гласал никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници, за гласале 70 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници, против гласале 4 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претрес по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против гласале 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Единаесетта точка - Предлог за донесување на закон за сметководството за напрофитните организации, со Предлог на закон.

Претресот по предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му прадлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесувања на закон за сметководството за напрофитните организации.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, за гласала 66 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласама.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоан.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме. Вкупно гласала 71 пратеници, за гласале 64 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам господине претседателе.

Во законов кој сега го утврдуваме, закон за сметководство на непрофитни организации, членот 12 уредува дека сметководствените документи се чуваат во изворна форма или пренесени на некои од медиумите за автоматско или микрографска обработка на податоците или на друг соодветен начин.

Ставот 2 вели дека сметководствените документи по својот вид се чуваат во следниве рокови и законот набројува рокови меѓу кои во член 12 став 2 алинеите 2 и 3 и 4, утврдуваат дека сметководствениот документ врз основа на кои се внесени подтоци во деловник не истечуваат пет години. Дека исправите што се однесуваат на платниот промет се чуваат три години. Дека продажните и контролни блокови, помошни пресметки и слични исправи се чуваат две години.

Јас би сакал да добиеме појаснување од Министерството за финансии колку овие рокови за чување на документација на непрофитни организации отстапуваат од сметководствените стандарди кои ова Собрание ги има утврдено во Законот за сметководство и другите закони кои се однесуваа на стопанскит субјекти. Не би сакал да шпекулирам, меѓутоа имам впечаток дека сега овој закон, доколку стапи на сила пред избори, сепак би сакал прво да слушнам образложение од страна на Министерството, во колку овие рокови отстапуваат од роковите утврдени во Законот за сметководството и трговските друштва. За сметководството на стопанските субјекти и од кои причини во овие непрофитни организации законите уредуваат дека сметководствената документација и архива драстично се намалува обврската да се чува на две до три години.

Тоа значи дека документацијата од 2000-та година веќе во оваа година треба да се уништи и законот не бара обврска да се чува за одредени работи и во 1999 година.

Не би сакал да шпекулирам што би можело да се случи, меѓутоа сакам да добијам одговор за причините и компарацијата со другите книговодствени стандарди во оваа држава.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Би сакал да дадам едно појаснување во врска со членот 12 за сметководствените документи, бидејќи кај нас, со Законот за трговски друштва се прифатени сметководствените меѓународни стандарди кои сметководствени документи се чуваат според тие закони. Додека кај непрофитните организации преземено е од постојниот Закон за сметководство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали тоа задоволува и е јасно или може да предизвика потреба од амандманска интервенција?

Ако има потреба, да ја запреме постапката натаму.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе се сомневам во ова што го изјавува министерот во член 12 став 2 алинеите 2, 3 и 4 дека се согласно сметководствените стандарди за трговските друштва.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добор, во ред е, тогаш сега ќе ја одложиме, не може по ова да расправаме. Ако имаме можност во текот на седницата, добро, сега не можеме. Сега одложуваме, додека не се разјасните.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за кредит за унапредување на цивилната воздушна пловидба, со Предлог на закон.

Претресот по предлогот за донесување на закон е заклужен.

Собранието му предлага да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за кредит за унапредување на цивилната воздушна пловидба, со Предлог на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 83 пратеници, за гласале 60 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници, против гласале 18 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 83 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници, против гласале 16 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 85 пратеници, за гласале 64 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 15 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за кредит за проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба.

Со тоа ја прекинуваме работата на Сто и единаесеттата седница.

(Седницата прекина со работа во 15,05 часот).